Дневни биотени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 11.09.2024

На 10.09.2024 во 16.45 часот во угостителски објект на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го привеле Ј.И.(47) од тетовска Голема Речица. Тој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна во траење од четири години за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" по член 215 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Идризово во Скопје за издржување на казната.

На 11.09.2024 во 03.15 часот, полициски службеници од СВР Куманово го привеле И.Љ.(46) од с.Чермези, кумановско, кој бил баран по потерница врз основа на наредба да Основен суд Куманово за издржување на казна затвор од шест години за сторено кривично дело „кражба на електрична енергија, топлинска енергија или парен гас" по член 235-а од Кривичниот законик. И.Љ. бил спроведен во Казнено - поправната установа Затвор Куманово за издржување на казната.

Денеска (11.09.2024) во 01.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.А.(30) од Египет, со живеалиште во Куманово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (11.09.2024) во 01.20 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.П.(24) од с.Петровец, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.09.2024 во 14.05 часот во Скопје, на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Р.(43) од Скопје затоа што кај него беше пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.09.2024 во 21.10 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Х.(35) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени грутчеста материја, таблети, нож и други предмети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.09.2024 во 21.40 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.П.(25) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.09.2024 во 22.30 часот во тетовски Лешок, полициски службеници од Полициското одделение Теарце го лишиле од слобода З.Ф.(29) од тетовско Шемшово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање ќе следува соодветен поднесок.

На 10.09.2024 во 22.00 часот на улица „Иво Лола Рибар" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Г.С.(34) од Тетово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање ќе следува соодветен поднесок.

На 10.09.2024 во 22.50 часот на булеварот „Железничка" во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид го привеле Д.М.(19) од Штип. При контрола на патничкиот „ауди" со штипски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземени марихуана и грендер со остатоци од марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.09.2024 во 16.45 часот на улицата „Егејска" во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид го привеле А.Ј.(20) од Охрид, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.09.2024 во 06.10 часот во СВР Скопје било приајавено дека на ул.„Св.Кирил и Методиј" во Скопје, патничко возило управо во пешачот М.Б.(50) од Скопје, по што возачот со возилото го напуштил местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешачот. констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" Отворено бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.09.2024 во 12.30 часот во Полициската станица Кратово било приајавено дека на регионалниот пат во с.Трновац, кратовско, патничко возило „БМВ" со винички регистарски ознаки, управувано од Х.С.(23) од Виница, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката С.С.(40) од Виница, констатирани во Општата болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Кратово.

На 10.09.2024 околу 14.40 часот во СВР Велес било приајавено дека на делницата од автопатот А1 Велес – Скопје, после наплатна станица Отовица, патничко возило „опел" со македонски регистарски ознаки, управувано од Р.М.(51) од Кавадарци, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката М.М.(50), додека со телесни повреди другата сопатничка А.М.(23), двете од Крива Паланка, констатирани во Општата болница во Велес. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Велес.

На 10.09.2024 во 18.10 часот во ОВР Кавадарци било приајавено дека на крстосница од бул.„Никола Минчев" и улица „Методија Андонов Чento" во Кавадарци, Ќ.Р.(52) од С.Марена, кавадречко, управувајќи motoр „кимко" со кавадречки регистарски ознаки, паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот констатирани во болницата во Кавадарци. По овластување на јавен обвинител увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Кавадарци.

На 09.09.2024 во 22.16 часот во СВР Битола било приајавено дека на регионалниот пат Битола - Демир Хисар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „кјунџаи" со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.П.(21) од Битола и патничко возило „фолксваген поло" со битолски регистарски ознаки, управувано од И.А.(30) од С.Бела, демирхисарско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле сопатничот од возилото „кјунџаи", М.Г.(21) од С.Брусник, битолско и возачот на возилото „фолксваген поло", додека со телесни повреди се здобил возачот на возилото „кјунџаи", констатирани во Клиничка болница во Битола. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Битола.

На 10.09.2024 во 17.10 часот во Полициската станица Гази Баба, А.А.(70) од Скопје приајавил дека на ул.„Методија Андонов Чento" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 10.09.2024 во 19.25 часот во Полициската станица Гази Баба, К.К.(43) од Скопје приајавила дека на ул.„Благоја Стефковски" во Скопје, тој е В.М.(42) бил каснат од куче скитник.

На 10.09.2024 во 09.50 часот во Полициското одделение Мирковци, Х.С.(40) од с.Кучевиште, скопско, приајавила дека во селото била каснала куче скитник.

На 10.09.2024 во 12.30 часот во гостиварско Дебреше и во 22.00 часот во населба Млаки во Гостивар, полициски службеници од Полициското одделение Галате и ОВР Гостивар го лишиле од слобода С.С.(36) од Дебреше и А.К.(43) од гостиварско Лешоје. Тие се сомничат дека во текот на последниот месец извршиле повеќе тешки кражби во куќи и магазини на подрачјето, од каде што одделе повеќе предмети. Тие се задржани во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајите, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.09.2024 во 12.35 часот во Штип, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип го привеле Р.А.(34) од Штип, затоа што при извршен преглед во неговото патничко возило „сеат леон" со штипски регистарски ознаки била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Водоредошната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против И.К.(73) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Приајавениот, во магацинските простории на сврзана фирма во Кочани, вршел производство на екстракти од марихуана за медицински цели и покрај тоа што дозволата за оваа дејност му завршила во 2022 година. На 15.02.2024, при претрес во магацинските простории, биле пронајдени и одземени 122 кг. марихуана и 31,39 литри масло од канабис.

На 10.09.2024 во 15.05 часот на улица „180" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ф.Р.(48) од Тетово, постапувајќи по претходна пријава дека во повеќе наврати преку социјални мрежи се заканувал на новинарката Л.В.Т.(32) од тетовска Мала Речица. Тој е задржан во полициска станица Тетово и по документирање ќе следува соодветна пријава.

На 10.09.2024 во 21.50 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Х.Д.(28) од Штип, постапувајќи по претходна пријава дека во дворот од семејниот дом во Штип со остар предмет се заканувал на својот 47-годишен татко и неговото семејство, а потоа со остар предмет го оштетил возилото. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.09.2024 во 01.16 часот во СВР Скопје, Б.С.(27) од Скопје приајавил дека на 09.09.2024 во 16.30 часот во дворот од семејната куќа на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил физички нападнат од О.И. од Скопје, кој употребил и тупа предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.09.2024 во 12.45 часот во СВР Скопје, С.И.(29) од Скопје приајавил дека околу 10.45 часот пред спортска облоложувалница на подрачјето на Центар, додека извршувал работни задачи како обезбедување, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.09.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје, З.Ќ.(45) од село Радуша, општина Сарај, приајавил дека околу 07.30 часот во селото, по претходна расправија, бил физички нападнат од Н.М. од истото село, кој му се заканил со остар предмет и го оштетил неговото возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.09.2024 во 20.00 часот во близина на Железничка станица Табановце, кумановско, полициски службеници од Полициската станица за гранични надзор Сопот при Регионалниот центар за гранични работи Скопје пронашле две лица - мигранти од Авганистан, А.Н.(25) и А.Н.(53). Мигрантите биле сместени во транзитен центар во Табановце за понатамошна постапка.

На 10.09.2024 во 09.00 часот во СВР Скопје, Е.Ч.(43) од Скопје приајавила дека по завршувањето на часовите, нејзиниот малолетен син бил физички напаѓан и малтретиран од двајца негови соученици од основното училиште во кое учел, на подрачјето на Карпош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.09.2024 во 17.10 часот во СВР Скопје било приајавено дека во дворот од куќа на подрачјето на Чаир, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.И.(48) и Р.И.(72), од една страна и 30 - годишната М.М. од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.09.2024 во 16.17 часот во СВР Скопје, во Комплексот клиники „Мајка Тереза" било приајавено дека кај нив се повреда бил денешен малолетник од Скопје. Според приајавеното, тој се здобил со повредата околу 15.00 часот во неговиот дом на подрачјето на Кисела Вода, додека со него малолетниот дојде бивш во домот, а другарот случајно испукал од воздушен пиштол и го погодил. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.09.2024 во Полициската станица Карпош, од Завод установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено однесување Скопје било приајавено дека од установата се одделениот нивниот штитеник И.И.(14) од Битола, кој и претходно се одделечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 10.09.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје од Казнено – поправната установа Затвор Идризово било приајавено дека на 04.09.2024 околу 21.00 часот во полуотвореното одделение во установата бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу двајца осуденици. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.09.2024 во 17.50 часот во Полициската станица Центар Ф.И.(37) од Скопје приајавил дека ул.„Цркева скопска општина" во Скопје нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 10.09.2024 во 20.15 часот во Полициската станица Неготино, Л.Т.(26) од Неготино приајавил дека во дворот од семејната куќа бил каснат од куче скитник.

Водоредошна канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против И.А.(80) од Зрновци, кочанско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 26.08.2024, приајавениот физички нападнал малолетник и му нанел повреди.

Водоредошна канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против С.С.(41) од Пробиштип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување опасна опасност". На 14.07.2024 во Пробиштип, приајавената со патничко возило, кое го управувала, намерно удрила во Н.В. од Струмица.

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.Н.(43) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". Приајавениот упатувал закани по животот на неговата 40- годишна сопруга, со која е во брачорастројба постапка.

Водоредошна канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Т.Б.(46) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 09.05.2024, полициски службеници извршиле преглед над приајавениот при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.М.(22) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 09.09.2024 во С.Јажинце, тетовско, полициски службеници извршиле преглед над приајавениот, при што била пронајдени и одземени гранки од канабис.

ОВР Кавадарци поднесе кривични пријави против А.Т.(27) од Скопје и С.Т.(30) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 15.10.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот каде престојувале приајавените, при кои беше била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.А.(49) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Приајавениот, вработен во ЈП „Национални шуми", во атар на општина Маврово Бород, несовесно постапувал во своите должности и овластувања, при што дозволил технички буковиот дабар невклучен да биде изнесено од шумата, а на попишна листа било внесено во 2021 година и се пренесувало во 2022, 2023 и 2024 година. На тој начин, приајавениот причинил материјална штета на ЈП „Национални шуми" за вкупна сума од 310.214 денари.

Регионален центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против Г.С.(40) од Виница поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 08.08.2024 на Граничниот премин Делчево, приајавениот приложил фалсифицувана полиса за осигурување за товарно возило кое го управувал.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.М.(28) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 23.05.2024 на социјална мрежа, приајавениот споделил текст со кој поттикнува омраза и нетрпеливост.

СВР Велес поднесе кривична пријава против В.Г.(36) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба и неовластено користење во компјутерски систем". На 19.07.2024, приајавениот без знаење и согласност на негоната на сетката, направил две уплати на продажни места.

Секој увид и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (02) 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouta: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет